Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 63 -та седница одржана на 15.03.2022 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-7079 од 2021 година, против правните лица ------------------ и ------------ , **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Агенцијата за лекови и медицински средства на РСМ.

Предметот со број 12-7079 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на познат подносител, -------------------, на ден 20.12.2021 година, поднесена е пријава против правните лица ------------ и ------------ и оформен е предмет број 12-7079 од 2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека правните лица --------------- и -------------- вршат неовластен увоз и продажба на забранети и небезбедни производи кои не се на дозволената листа за увоз во РСМ.

Подносителот во пријавата посочува конкретни производи (Animal Pack и Dhea) кои производи се наоѓале на листата на забранети супстанци за користење и се третираат како допинг средства.

Но и покрај тоа, наведените правни лица ги рекламирале производите на социјалните мрежи и вршеле продажба на истите, за што како доказ во прилог е доставена фотографија од објава на реклама, конкретно за производот Animal Pack.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што

оцени дека предметот ќе го достави на надлежно постапување на Агенцијата за лекови и медицински средства на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: м-р К.З.
Одобрил: С.П.Д, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk